# Информации за новата цена

**Почитувани потрошувачи,**

Од 1 ноември 2008 година, со Одлука на Регулаторната комисија за енергетика, цената на електричната енергија до крајните потрошувачи се зголеми за 13,6%. Цената на електричната енергија е составена од цена за производство, пренос и за дистрибуција. **Најголемиот дел од електричната енергија за вашите потреби EVN Македонија ја купува од државната компанија за производство ЕЛЕМ и ја пренесува преку преносниот систем на државната компанија МЕПСО, а потоа преку дистрибутивниот систем на EVN Македонија ја испорачуваме кон вас**.

Како ваш партнер, чувствуваме потреба да ве информираме дека зголемувањето на крајната цена на електричната енергија е резултат на зголемувањата на поединечните цени што ги добија енергетските компании и тоа: производствената цена на државната **ЕЛЕМ се зголеми за 37%**, преносната на државната **МЕПСО за 110%** и диструбитивната цена на **EVN Македонија за 1,4%**. Согласно со добиените проценти, носители на поскапувањето се услугите на државните компании **ЕЛЕМ и МЕПСО**, што се рефлектираше со зголемување на цената на електричната енергија за крајните потрошувачи од 13,6 %.

Учеството на компаниите во последното зголемување на цена, сликовито прикажано, изгледа вака:




И покрај сè ние продолжуваме да работиме и да инвестираме и во следниот период, со цел да обезбедиме што поквалитетна испорака на електрична енергија. Во таа насока, **EVN Македонија** се стреми да воспостави стандарди за работа што се почитуваат внатре во компанијата но и од нашите потрошувачи. Затоа, апелираме до сите коректни потрошувачи:

- Да ја искористат можоста да го посетат најблискиот КЕЦ и без казнени мерки да ги легализираат нелегалните приклучоци на дистрибутивната мрежа.
- Да нè известите во случај кога некој од нашите вработени постапува неетичко и спротивно на правилата на компанијата и со тоа директно ги загрозува вашите права како потрошувач.
- Доколку се сомневате дека во ваша непосредна близина се остварува неовластено користење или кражба на електричната енергија, истата можете да ја пријавите во нашиот Центар за односи со потрошувачите.

Вашето партнерство ни е драгоцено и истото ќе резултира со наше порационално енергетско работење и со уште поквалитетни услуги за нашите корисниците.
Сите ваши прашања и пријави упатете ги на **0890 12345** или на **info@evn.com.mk**
Ви стоиме на располагање 24 часа на ден.

**Со почит,**
**EVN Македонија АД**



EVN macedonia